РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: 09-03-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia. org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 08 | 82/6 | | |

Согласно член 21 став 1 точка 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), на 03.02.2022 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поведе постапка за заштита од дискриминација по службена должност бр. 08-82/1, за заштита од дискриминација на [redacted] од Гостивар, ученичка во четврто одделение во ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" заради постоечки индиции за дискриминација и сегрегација во пристап до образование врз основа на попреченост и посебни образовни потреби. По спроведената постапка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 07.03.2022 го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА СЕГРЕГАЦИЈА И ИСКЛУЧУВАЊЕ,** врз основа на попреченост извршена од страна на ООУ „Единство-Башкими-Бирлик, кон [redacted] од Гостивар, сторена со неоправдано и нелегитимно физичко одделување на дискриминираната од останатите ученици во посебна просторија, во изолација од учениците без попреченост, по основ на нејзините посебни образовни потреби, што резултирало со исклучување, односно со оневозможување на нејзиното право на пристап до образовниот процес.

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" од Гостивар, извршена со неприспособување на училишната инфраструктура, во смисла на обезбедување на ресурсно-сензорна просторија, опремена со соодветна асистивна технологија, што резултирало со оневозможување на пристап до образование врз еднаква основа со другите по основ на попреченост и посебни образовни потреби на [redacted]

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост и здравствена состојба извршена од страна на единаесет родителки на соученици на дискриминираната [redacted] - [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted] и [redacted], со потпишување петиција за отстранување на ученичката од редовна настава и вршење бојкот на наставата со непуштање на своите деца во училиште додека не се оствари барањето од петицијата, што резултирало со нејзина сегрегација врз основа на попреченост и посебни образовни потреби.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

## Образложение

Откако Комисијата донесе одлука да покрене постапка за заштита од дискриминација по службена должност во врска со информациите добиени од медиумите кои содржеа индиции за сегрегација на ученичка со Даунов синдром во ООУ „Братство-Башкими-Бирлик" Гостивар, по бојкотот на наставата врз основа на Петиција потпишана од група родители на соученици на дискриминираната во која бараат отстранување на девојчето од редовна настава, на 03.02.2022 година веднаш телефонски стапи во контакт со директорот на училиштето Зијадин Нуредин и со градоначалникот на Општина Гостивар, Арбен Таравари кој информираше дека бил во тек со случајот и веќе за 07.02.2022 година организирал заедничка средба со родителите потписници на Петицијата за отстранување на ученичката со попреченост од одделението поради нејзината наводна агресивност и директорот и стручните работници од училиштето, како и со наставничките кои работеле со ученичката. Комисијата го најави своето присуство на средбата што се одржа во салата на Советот на општина Гостивар и ги сослуша сите инволвирани страни, кои тврдеа дека според категоризацијата на ЗМЗ, ученичката освен Даунов синдром има и лесна интелектуална попреченост, покажувало знаци на агресија кон другите деца и ја оневозможувало редовната настава на другите соученици. Тоа било причина за која единаесет родителки на деца потпишале Петиција до раководниот орган, со ултиматум да се отстрани од одделението, напишана на албански јазик, заверена под бр.03-402/2 на 01.12.2021 кога гласи:

*„Поради опструкција на ученичката [redacted] на наставата и нападите врз учениците, донесена е одлука од страна на родителите да се бојкотираат часовите од редовните ученици. Одржани се консултации со мајките кои ја бојкотираат редовната настава за да се најде решение. Нема да ги носиме учениците на часови додека не се реши ова прашање."*

На оваа средба, Комисијата доби сознанија дека родителите решиле во второ одделение – учебна 2019/2020, да ја запишат [redacted] во ООУ „Единство-Башкими-Бирлик", во редовна инклузивна настава. Дополнително, во текот на дебатата Комисијата утврди дека уште во второ одделение, ученичката со посебни образовни потреби, поради реакции на родителите на другите деца, ротирала во три паралелки со различни учителки, наводно како решение да се намали отпорот на родителите кон присуството на ученичката во редовната настава, за што претставниците на училиштето тврдеа дека имале согласност и од родителите на ученичката [redacted]. Директорот на училиштето, Зијадин Нуредини, изјави дека кога стапил на функција ја затекнал оваа ученичка како ротира во три паралелки, но покажал разбирање за барањата на нејзините родители ротацијата да престане и таа да посетува настава само во една паралелка, водена од наставничката Реџија Фетаи. Тој истакна дека заради ученичката, во училиштето вработиле и дефектолог и обезбедиле образовен асистент, па дури и самиот ја предложил својата


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

канцеларија да биде просторија каде ученичката заедно со образовната асистентка ќе го поминуваат времето кога ќе биде вознемирена и агресивна. Нуредини посочи дека на 30.11.2021 организирал состанок со незадоволните родители на другите ученици од паралелката кои барале отстранување на ученичката од истата и најавиле дека нема да ги праќаат децата на настава додека не се реши тоа. Иако ги молел да не потпишуваат Петиција, според неговите наводи, тие се самоорганизирале и ја бојкотирале наставата на 01 и 02 декември. На 03.012.2021, тој закажал состанок со родителите во присуство на координаторката за полошкиот регион од ОУ РЦ „Златан Сремец" од Скопје – Милица Серафимовска, каде се договориле , во присуство на мајката на Ембла за делумна ротација на ученичката, за што нејзините родители не се согласиле. Според директорот, родителите на ученичката дале дозвола штом ќе се вознемири времено да оди во друга просторија со својата образовна асистентка, ја виделе слободната просторија и дале согласност истата да се користи како преодно решение до завршувањето на првото полугодие.

Сите детали од оваа дебата се содржат во Записникот на КСЗД бр. 08-82/5 од 21.02.2022.

На 08.02.2022 година Комисијата го повика таткото на ученичката [redacted], во своите простории да даде изјава околу посочените состојби. Тој изјави дека проблемите со ученичката во училиштето започнале од септември 2021 година, кога тие ја одбиле ротацијата на ученичката меѓу три паралелки. Според неговите наводи, конфликтот започнал во ноември, кога група родители поднеле устен ултиматум до директорот на училиштето за отстранување на ученичката од паралелката. Тој потенцираше дека побарал од директорот да организира средба со другите родители, но претседателката на училишниот Одбор на родители, [redacted] го одбила предлогот, инсистирајќи на ултимативно отстранување на [redacted] од редовната настава. Состанокот меѓу родителите се одржал во присуство на раководителката на секторот за образование во општината, Аслијан Снопче, на кој конфликтот ескалирал. Таткото на ученичката ја информираше Комисијата дека бојкотот на наставата бил најавен на 28-29 ноември 2021, а се одржал на почетокот на месец декември, од 01 до 03 декември. Тој беше дециден дека неговата сопруга никогаш не се согласила со сегрегирањето и изолирањето на [redacted] во друга просторија и посочи дека не постои писмен документ што ќе го докаже спротивното. Тој информираше дека од месец ноември ученичката и асистентката работеле во училишната сала за приредби, каде греењето било слабо а условите биле лоши за подолг престој.

Заради ваквите контрадикторни изјави од различните страни, на 11.02.2022, членови на Комисијата извршија повторен, ненајавен увид во ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" за утврдување на фактичката состојба, односно каде ќе ја затекнат ученичката и да земат изјави од дефектологот Едита Ахмети и образовната асистентка Шпреса Хасипи. Тие утврдија дека тој ден таткото ја донел ученичката во училиште нешто пред 13:15 часот кога започнува втората смена и ја предал ученичката на асистентката, која ја однела во


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

одделението, меѓу своите соученици. Потоа членовите извршија увид во просторијата што ја користи асистентката за работа со [redacted]. Беше утврдено дека тоа е поголема просторија во која еден дел бил адаптиран за престој на ученичката, опремен со пијано и неколку реквизити за работа соодветни за нејзините посебни образовни потреби. Исто така, биле информирани дека истата просторија се користи и за уште еден ученик со посебни образовни потреби.

За целосно утврдување на фактичката состојба во овој случај, Комисијата дополнително одлучи да изврши и увид во ОУ РЦ „Д-р Златан Сремец" – Скопје на 14.02.2022, каде членови од Комисијата се сретнаа со директорката Марија Делетиќ и регионалната координаторка Милица Серафимовска. Тие информираа дека на 05.10.2021 година позитивно одговориле на Барањето на ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" од Гостивар за доделување на личен образовен асистент за работа со [redacted]

Со оглед дека во училиштето добро се запознаени со случајот на [redacted], тие укажаа дека кај неа се забележуваат комплексни потешкотии поврзани со нејзината функционалност. На прашањето на Комисијата дали додека ученичката работи надвор од одделението со образовниот асистент тоа време може да се смета за наставен процес, од училиштето одговорија дека Шпреса Хасипи е образовен асистент, но носител на образовниот процес е наставничката Реџија Фетаи, укажувајќи дека согласно законските прописи, дозволено е ученичката и асистентката да го напуштат часот на кратко време, додека се смири а потоа веднаш треба да се вратат во одделението, каде се одвива образовниот процес.

Истиот ден членовите на Комисијата остварија средба и со Горан Петрушев – специјален едукатор и рехабилитатор од Регионалното стручно тело за проценка на функционална попреченост и здравје – Скопје 1, каде е извршена Стручна проценка на функционирање според МКФ (Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје. Тој објасни дека на крајот на септември стручен тим извршил стручна проценка на функционалноста на Е.А. бр. [redacted]2021 година и дека со проценката според МКФ, треба да се одреди модифицирана индивидуална програма за Е.А. во која ќе учествува цело училиште. Тој посочи дека модифицираната програма треба стручно да ја изготви ресурсниот центар во ОУ РЦ „Д-р Златан Сремец" по барање на ООУ „Единство-Башкими-Бирлик".

На 15.02.2022 годна, Комисијата по електронски пат се обрати до ОУ РЦ „Д-р Златан Сремец" " и согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација побара да им ги испратат сите постоечки неделни извештаи што образовната асистентка била должна да им ги испраќа во врска со работата со [redacted].

На 17.02.2022, Комисијата ги доби сите извештаи по електронски пат, заведени под бр. 08-82/4, кои се однесуваат на периодот од 25.10.2021 до 17.12.2021, од кои може да се утврди следното:


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- Ученичката [redacted] во овој период спорадично присуствувала на часови, без никаков редослед, по 1 до 3 часа;
- Асистентката во сите извештаи бара поддршка за подобрување на условите за работа;
- Асистентката наведува дека од 01 до 03 декември имало бојкот на наставата, часовите не се одржале, иако девојчето на 01.12. било присутно на еден час, на 02.12 - два часа а на 03.12 - три часа. Не е нотирано дали на овие часови присуствувала наставничката;
- Асистентката наведува дека на 02.12. 2021 инклузивниот тим одржал состанок со одговорната советничка за образование во општина Гостивар;
- Асистентката во извештајот нотира дека на 03.12.2021 се одржал состанок со родителите на сите ученици поради бојкотот на наставата и се одлучило да се вратат на настава и да се продолжи со инклузијата. Во истиот извештај, на прашањето за кој вид поддршка е потребна за подобрување на инклузијата, таа наведува: ***„Поддршка за подобрување на условите за работа. Прифаќање од страна на наставниците, т.е. учениците и нивните родители...“***
- По бојкотот, од 06.12.2021 асистентката во извештаите наведува дека работи со девојчето во **нова просторија**. Во делот од извештајот каде треба да ги нотира социјалните контакти со другите деца, таа наведува дека **нема никаков контакт со други деца** бидејќи работи со девојчето во друга просторија, а не во училница. Околу потребната поддршка за подобрување на инклузијата, таа наведува: ***„Поддршка за подобрување на условите за работа. Да имаме една просторија во школото со услови и да биде потопло затоа што во просторијата каде јас работам со ученичката не е баш толку топло, прифаќање од страна на наставниците, т.е. учениците и нивните родители...“***

Државниот просветен инспекторат на 31.01.2022 година, **поради наводи за дискриминација и неправедно однесување во училиштето кон ученичката [redacted]** извршил вонреден инспекциски надзор на кој присуствувале директорот, стручните соработници и одделенската наставничка. По констатираната состојба, просветниот инспектор меѓу другото, на директорот на училиштето му **укажал** на следното: да постапи согласно законските прописи и Концепцијата за инклузивно образование, да ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно препораките на стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на ученичката со посебни образовни потреби, да се труди да ги развие основните компетенции на ученичката [redacted] и на секој ученик преку создавање на инклузивна средина, прилагодување на просторот и условите, материјалите и средствата и методите за разни техники на учење.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација упатува на фактот дека согласно член 11 став 4 од Законот за основно образование, министерката за образование со Решение бр.18-6577/1 на 06.07.2020 година ја донела **Концепцијата за инклузивно образование,** во која се наведува дека инклузивното образование подразбира вклученост и прифатеност на сите деца во образовниот процес, со особено внимание на децата што може да бидат маргинализирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем, па затоа тие, без оглед на нивните слабости, а соодветно на нивните потенцијали, ќе бидат вклучени во редовните одделенија и ќе им се обезбедат соодветни услови за учење и напредување.

Инклузивното образование се темели на пристапот заснован на човековите права кој е дефиниран со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и со Конвенцијата за правата на детето на ООН, кои се ратификувани од Република Северна Македонија и се дел од внатрешниот правен систем. Концепцијата ја дефинира **инклузијата како право на сите деца и ученици на пристап и учество, ефективно и целосно во заеднички воспитно-образовен контекст.** Законот за основно образование предвидува градење капацитети во самото училиште за развој на инклузивна клима преку активна партиципација на севкупниот воспитно-образовен кадар.

Во врска со конкретниот случај, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го потенцира **Општиот коментар број 4 (2016) за правото на инклузивно образование,** донесен од Комитетот за правата на лицата со попреченост, кој содржи анализа на членот 24 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, што реферира за правото на образование на овие лица.

Во овој документ, Комитетот посочува дека ***недостигот на познавања на природата и предностите на инклузивното и квалитетното образование и диверзитет, немањето допир со сите родители и недостатокот на соодветни одговори за поддршка на барањата, доведуваат до неоправдан страв и стереотипи дека инклузијата ќе предизвика влошување на квалитетот на образованието или ќе има негативно влијание врз другите деца.***

Во точка 4 од овој документ е нотирано следново:

***Инклузивното образование треба да се сфати како:***

***а) Основно човеково право на сите ученици. Образованието е право на поединечниот ученик, а не право на родителот или старателот. Родителските одговорности во овој поглед се подредени на правата на детето.***

Комисијата при утврдувањето на Мислењето во овој предмет, особено се потпира врз одредбите содржани во точка 11 од Коментарот 4 (2016):

***Комитетот особено ја нагласува важноста на препознавање на разликите меѓу исклучување, сегрегација, интеграција и инклузија. Исклучување се случува кога на учениците директно или индиректно им се спречува пристап до образование во било која форма. Сегрегација се јавува кога образованието на учениците со попреченост***


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

***се одвива во одделни средини кои се осмислени или се користат за да се одговори на одредена оневозможеност или на различни оневозможености во изолација од учениците без попреченост... Вклучувањето на учениците со попреченост во редовната настава без придружни структурни промени, на пример, на организацијата, наставната програма и наставните структури, не претставува инклузија...***

Согласно горенаведеното, Комисијата констатираше дека ротацијата на ученичката [redacted] во подолг временски период меѓу три паралелки, без оглед дали нејзините родителите се согласиле на тоа или не, претставува грубо нарушување на нејзиното основно право на еднаквост во поглед на пристап до образование како другите ученици и не само што е спротивно на одредбите содржани во членовите 3, 4 и 5 од Законот за основно образование, туку според член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст ЗСЗД) претставува продолжена директна дискриминација.

Комисијата утврди и дека дислоцирањето на ученичката [redacted] во посебна просторија во присуство само на образовната асистентка, значи нејзино исклучување од процесот на образование, со оглед дека образовната асистентка не е носителка на образовниот процес. Ваквата практика е спротивна на принципите на Концепцијата за инклузивно образование и претставува одземање на загарантираното право на образование на ученичка со посебни образовни потреби, без дискриминација и врз еднакви основи со другите. Во исто време, Комисијата утврди дека ученичката физички била одделена од своите соученици врз основа на нејзината попреченост, што според членот 12 од ЗСЗД претставува сегрегација.

Исто така, Комисијата утврди дека и покрај фактот што ученичката веќе три години била запишана во тоа училиште согласно принципот на реонизација (член 63 став 2 од ЗОО), училиштето сè уште не обезбедило приспособување на училишната инфраструктура во смисла на обезбедување на ресурсно-сензорна просторија и асистивна технологија соодветна за посебните образовни потреби на ученичката. Согласно член 4 точка 5 од ЗСЗД, оневозможувањето на пристапна и соодветна образовна инфраструктура за ученичката со попреченост претставува дискриминација.

Дополнително, Комисијата утврди дека родителките на соучениците на [redacted], потписнички на Петицијата за нејзино отстранување од наставата и иницијаторки на бојкотот на наставата со таквиот чин го прекршиле членот 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со што извршиле повикување, поттикнување и дале инструкција за дискриминација врз основа на попреченост, а ваквата активност подлежи на прекршочна одговорност.

Согласно член 27 став 2, по утврдената дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги издава следниве


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

# П Р Е П О Р А К И

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" од Гостивар да обезбеди услови за непречено одвивање на образовниот процес на [redacted] во иста паралелка со нејзините соученици, врз еднаква основа со другите ученици во училиштето и да спречи каква било форма на исклучување и сегрегација на ученичката од воспитно-образовниот процес во иднина.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" од Гостивар во согласност со своите законски надлежности и во соработка со училишниот инклузивен тим и инклузивниот тим за ученичката [redacted] да побараат стручна поддршка од регионалниот Ресурсен центар и да обезбеди ефикасна модифицирана наставна програма за ученичката, усогласена со препораките на стручното тело за проценка **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за тоа писмено да ја информира Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" од Гостивар, во согласност со Концепцијата за инклузивно образование и Развојната програма на училиштето, во соработка со училишниот инклузивен тим, да изработат акционен план, одобрен од регионалниот Ресурсен центар, во кој детално ќе бидат прецизирани мерките , активностите и роковите во кои ќе се обезбеди соодветна ресурсно-сензорна просторија опремена со асистивна технологија, приспособена на посебните образовни потреби на ученичката [redacted] **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за тоа писмено да ја информира Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" од Гостивар да побара од ОУ Регионален ресурсен центар „Д-р Златан Сремец" Скопје да одржи задолжителна обука на наставниците и стручните соработници кои се директно вклучени во воспитно-образовната работа на ученичката [redacted] за инклузивните принципи и начинот на користење на обезбедените средства на асистивна технологија за посебните образовни потреби на ученичката **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за тоа писмено да ја информира Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** директорот на ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" од Гостивар во согласност со своите законски надлежности и во соработка со училишниот инклузивен тим и Советот на родители да организира состанок со родителките [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted] и [redacted] на кој ќе им ги предочат принципите и задолжителната примена на Концепцијата за инклузивно образование и законската забрана да вршат повикување, поттикнување и

давање инструкции за дискриминација што го извршиле со бојкотот на наставата и со потпишување на Петицијата во која бараат отстранување на ученичката со посебни образовни потреби од инклузивниот воспитно-образовен процес затоа што ваквите практики се санкционираат согласно закон, **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за тоа писмено да ја информира Комисијата, наведувајќи го присуството или неприсуството на секоја од родителките.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** родителите на соучениците од одделението на [redacted] во иднина да се воздржат од активности и поведенија кои претставуваат дискриминација, вознемирување, сегрегација и/или повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сѐ до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои се упатени препораките не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
09.03.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:

1. До ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" ул. Панче Попоски бр. 35, 1230 Гостивар
2. До [redacted] Гостивар
3. Општина Гостивар, за град. Арбен Таравари, ул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk